**2287.**

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" број 161/09), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ВИДОТ И КОЛИЧИНАТА НА ПАКУВАЊАТА ШТО СЕ ПУШТИЛЕ ИЛИ УВЕЗЛЕ НА ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРЕТХОДНАТА КАЛЕНДАРСКА ГОДИНА И ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ТИЕ ПАКУВАЊА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРОИЗВОДСТВЕНАТА СПЕЦИФИКАЦИЈА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ВКУПНОТО ПАКУВАЊЕ КОЕ Е ПУШТЕНО НА ПАЗАР ИЛИ УВЕЗЕНО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО И НАЧИНОТ НА КОЈ СЕ ВОДИ ЕВИДЕНЦИЈАТА(*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на годишниот извештај за видот и количината на пакувањата што се пуштиле или увезле на пазар во Република Македонија во претходната календарска година и за постапување со отпад од тие пакувања, формата и содржината на образецот на производствената спецификација, формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупното пакување кое е пуштено на пазар или увезено во Република Македонија како и начинот на кој се води евиденцијата.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1.**Обновен отпад од пакување** е количината отпад од пакување создадена во Република Македонија која е обновена односно преработена, без оглед на тоа дали отпадот од пакување е преработен односно обновен во Република Македонија, или во друга земја со согласност со член 35 став (2) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување;

2. **Отпад од пакување обновен или изгорен во инсталации за горење отпад со обновување на енергија** е количината отпад од пакувања создадена во Република Македонија која е обновена односно преработена или изгорена во инсталации за горење со обновување на енергијата, без оглед на тоа дали отпадот од пакување е обновен или изгорен во инсталации за горење со обновување на енергијата во Република Македонија или во друга земја;

3. **Рециклиран отпад од пакување е количината отпад од пакување** создадена во Република Македонија која е рециклирана, без оглед на тоа дали отпадот од пакување е рециклиран во Република Македонија, или во друга земја со согласност со член 35 став (2) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување;

4. **Стапка на обновување или на горење во инсталации за горење отпад со обновување на енергија** за националните целите од член 35 став (1) точка а) од Законот за управување со пакувања и отпад од пакување е вкупната количина отпад од пакување преработена односно обновена или изгорена во инсталации за горење отпад со обновување на енергија поделена со вкупната количина отпад создаден од пакување;

5. **Стапка на рециклирање** за националните целите од член 35 став (1) точка б) од Законот за управување со пакувања и отпад од пакување е вкупната количина рециклиран отпад од пакување поделено со вкупното количина отпад создаден од пакување.

Член 3

Производствената спецификација од член 28 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување, се води на посебен образец за секој производ кој има различно пакување спрема тежината и видовите на композитите на пакувањето и материјалите од кои е изработено.

Формата и содржината на производствената спецификација од став 1 на овој член е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Месечната евиденција се води врз основа на податоците од производствената спецификација за секој производ одделно со внесување на вкупниот бројот на пакувани производи што се пуштени на пазар во претходниот месец и тежината и видот на материјалот во килограми за истите.

Врз основа на податоците од месечните евиденции во годишната евиденција се евидентира збирот во тони по количина и видовите на материјали содржани во пакуваните производи кои се пуштени на пазар во претходната година.

---
* Со овој правилник се врши усогласување со Директива на Европскиот парламент и на Советот од 20 декември 1994 година за пакување и отпад од пакување 32004L062 и Одлука на Комисијата од 22 март 2005 година со која се утврдуваат форматите поврзани со системот за бази на податоци во согласност со Директивата 94/62/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за пакувања и отпад од пакувања 32005D0270

Формата и содржината на евиденцијата од ставовите 1 и 2 на овој член е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

За количината и видот на пакувањата кои биле пуштени или увезени на пазар во Република Македонија во текот на една календарска година како и за постапувањето со отпадот од пакување се доставува годишен извештај на посебен образец.

Формата и содржината на образецот за годишниот извештај од став 1 на овој член е даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

При водење на евиденцијата и известувањето во смисла на член 28 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување производителот треба да го земе во предвид следното:

1. создадениот отпад од пакување се смета дека е количината пакување што станува отпад во смисла на членот 5 точка 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување создаден во рамките на територијата на Република Македонија откако пакувањето било употребено за завиткување, заштита, ракување, испорака и за доставување стока и истиот треба да се смета дека е еднаков на количината на пакување што е пуштено на пазар во истата година, при што во создадените количини на отпад од пакување не се вклучува ниеден вид остатоци од производството на пакување или на материјали за пакување или од кој било друг производен процес;

2. пакувањата што можат повторно да се употребуваат се сметаат за пуштени на пазар кога прв пат се става на располагање заедно со производот што се користи. Кога пакувањето повторно се користи заедно со производот или повторно се става на располагање тогаш не се смета во вкупната количина на пакувања пуштени на пазарот односно не се смета во количината на отпадот од пакувања создаден во истата година. Доколку пакувањето се исфрла а може повторно да се употреби тогаш се смета за отпад од пакување што е еднаков на количината на пакување што може повторно да се употреби а кое е пуштено на пазар во истата година ;

3. тежината на обновениот односно на преработениот или на рециклираниот отпад од пакување да е влезен податок за отпадот од пакување во еден ефикасен процес на преработка односно обновување или рециклирање на истиот. Ако излезните производи од една инсталација за сортирање се испраќаат во ефикасни процеси за рециклирање или за друг начин на преработка односно обновување без значителни загуби, прифатливо е да се смета дека овие производи се тежината на преработениот односно обновениот или на рециклираниот отпад од пакување;

4. тежината на преработениот односно обновениот или на рециклираниот отпад од пакување да се мери со користење на стапката на природната влажност на отпадот од пакување во споредба со влажноста на еквивалентните пакувања пласирани на пазарот при што се прават корекции на податоците од мерењето поврзани со тежината на преработениот односно обновениот или на рециклираниот отпад од пакување ако стапката на влажност на тој отпад од пакување редовно и значително се разликува од онаа на пакувањата пуштени на пазарот и ако овој фактор носи ризик од значителни преценувања или потценувања на стапките на преработка односно обновување или на рециклирање на пакувањата. Тие корекции се ограничуваат на исклучителни случаи, предизвикани во специфични климатски или други услови и

5. тежината на преработениот односно обновениот или на рециклираниот отпад од пакувања, доколку е можно да ги исклучува материјалите што не се користат за пакување, а се собрани заедно со отпадот од пакување при што треба да се прават корекции на податоците поврзани со тежината на преработениот односно обновениот или на рециклираниот отпад од пакување ако материјалите што не се користат за пакување а се во отпадот што се испраќа во ефикасен процес на преработува односно обновување или за рециклирање, носат ризик од значителни преценувања или потценувања на стапките на преработка односно обновување или на рециклирање на отпадот од пакувањата.

Доколку се работи за мали количини на материјали што не се користат за пакување или за контаминацијата што може да биде присутна во отпадот од пакување не треба да се прават никакви корекции на податоците поврзани со тежината на преработениот односно обновениот или на рециклираниот отпад од пакување.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2011 година.

Бр. 07-7597/1
23 јули 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Неџати Јакупи,** с.р.

**Прилог 1**

## Производствена спецификација

Бр. _______ дата __________

| РБ | Име на пакуваниот производ | Вид на пакување | Опис на компонетите на пакувањето | Вид на материјалот за пакување по тежина (кг.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | пластика | Хартија и картон | метал | Стакло | Дрвени материјали | Други помпозитни материјали |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | продажно | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | групно' | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | транспортно | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно |

Забелешка: 'Се дели по единачен производ кој бил спакуван, односно обвиткан во групното пакување

дата:

**Овластено лице** (Име и презиме) ..... потпис.......

**Прилог 2**

**Табела 1**

**Месечна евиденција**

Бр. ______

за период од ____________ до ____________ год.

| РБ. | Број на фактура/царинска декларација | Име на пакувани производи пуштени на пазар и број на спецификацијата | Број на пакувани производи пуштени на пазар ( парче) | Вид на материјалот за пакување по тежина (кг.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | пластика | Хартија и картон | метал | стакло | Дрвени материјали | Други композитни материјали |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| | | | | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно |

дата:

**Овластено лице** (Име и презиме) .....                    потпис......

**Табела 2**

**Годишна евиденција**

Бр. ____

за период од ____________ до ____________ год.

Податоци за производителот

назив/име ______________________________

седиште и адреса ______________________________

дејност ______________________________

број на деловниот субјект ______________________________

даночен број ______________________________

| РБ | Бр./дата на месечна евиденција според таб. 1 | Пластика тони | Хартија и картон | Метали | Стакло | Дрвени материјали | Други композитни материјали |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| | Вкупно | | | | | | |

дата:

Овластено лице(Име и презиме) ..... потпис.....

**Прилог 3**

**Годишен извештај за пакување пуштено на пазар во Република Македонија**

1. Календарска година __________________________

2. Датум на изработка на извештајот __________________________
(ден, месец, година):

3. Назив /име:________________________________________________

4.Седиште и адреса:________________________________________________

5. Дејност и шифра :__________________________________________

6. Број на деловниот субјект______________________________

7. Даночен број _______________________________

**Табела 1 Годишни количини на пакувања (продажна, групна и транспортна), за секоја категорија материјали на пакувањата пуштени на пазар (количините се во тони)**

| Вид на материјал | Произведени | – Извезени | + Увезени | Пуштени на пазар | Повратни пакувања | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стакло | | | | | | |
| Пластика | | | | | | |
| Хартија и картон | | | | | | |
| Матал | | | | | | |
| Дрво | | | | | | |
| Композитни материјали | | | | | | |
| Друго | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

Извештајот го пополнил (Име и презиме) ......... Потпис.......... Одговорно лице (Име и презиме) .... ......Потпис.................

**Табела 2 Годишен извештај за постапување со отпад од пакување по одделен вид на материјал (количествата се во тони)**

| Вид на материјал | Количина на отпад создаден од пакување | Собрана количина | | Количини на отпад од пакување предадена за преработка односно обновување | | | | Отстранување | | Извезена количина од РМ за рециклирање и друг начин преработка односно обновување | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Рециклирање во РМ | | Друга начин на преработка со операции на обновување или операции на енергетска преработка во РМ | | | | | |
| **Комунален отпад од пакување** | Во тони | Во тони | Удел во маса | Во тони | Удел во маса | Во тони | Удел во маса | Во тони | Удел во маса | Во тони | Удел во маса |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Хартија и картон | | | | | | | | | | | |
| Стакло | | | | | | | | | | | |
| Метали | | | | | | | | | | | |
| Пластика | | | | | | | | | | | |
| Композитни материјали | | | | | | | | | | | |
| Дрво | | | | | | | | | | | |
| Друго | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | |
| **Отпад од пакување кој не комунален отпад** | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хартија и картон | | | | | | | | | | | |
| Стакло | | | | | | | | | | | |
| Метали | | | | | | | | | | | |
| Пластика | | | | | | | | | | | |
| Композитни матер. | | | | | | | | | | | |
| Дрво | | | | | | | | | | | |
| Друго | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | |

**Извештајот го пополнил** (Име и презиме) ................................................ **Потпис**...........................

**Одговорно лице** (Име и презиме) :............................................................... **Потпис**............................

**Дата и печат** ___

Потврдил (Име и презиме) ________________________ Потпис _______________ Место ______ Дата и печат _____

**Табела 3 Вкупен преглед на постапување со отпад од пакување**

| Материјали | Количина на отпад создаден од пакувања | Рециклиран отпад од пакувања тони | Рециклиран отпад од пакувања (%) | Други начини на преработен отпад од пакувања со операции на обновување или операции на енергетска преработка тони | Друг на начин на преработен отпад од пакувања со операции на обновување или операции на енергетска преработка (%) | Вкупно рециклиран или преработен отпад од пакувања тони | Удели во маса % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пластика (PE, PP, PET, PS, PVC) | | | | | | | |
| Хартија и картон | | | | | | | |
| Стакло | | | | | | | |
| Метали (алуминиум челик) | | | | | | | |
| дрво | | | | | | | |
| вкупно | | | | | | | |

**Забелешка**: Извезените количества на отпад од пакување се засметуваат во остварувањето на националните цели (член 35 став (2) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Извештајот го пополнил (Име и презиме) ................................................ Потпис...........................

Одговорно лице (Име и презиме) :............................................................... Потпис...........................

Потврдил (Име и презиме) ________________________ Потпис _______________ Место ______ Дата и печат _____

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010117